UDK 343.61:364.63-055.2(497.7)
343.61:343.228-055.2(497.7)

# FROM FEMICIDE TO MURDER IN SELF- DEFENSE - THE CULMINATION OF GENDER-BASED VIOLENCE IN R. N. MACEDONIA, WITH REFERENCE TO NATIONAL LEGISLATION AND PRACTICE

**Koshevaliska Olga**
Full professor, Faculty of Law, Goce Delcev University
olga.kosevaliska@ugd.edu.mk

**Nanev Lazar**
Adjunct associate professor, Faculty of Law, Goce Delcev University
lazar.nanev@ugd.edu.mk

**Maksimova Elena**
Associate professor, Faculty of Law, Goce Delcev University
elena.maksimova@ugd.edu.mk

## Abstract

The ratification of international instruments to combat gender-based violence (such as the Istanbul Convention) and legal solutions that were not sensitive enough to respond to real current needs, conditions changes that, in practice, should mean a significantly better and more adequate handling of this matter and hopefully, achieving the desired prevention. The amendments and additions to the Criminal Code that took place in February 2023 significantly improved the legal framework and harmonized the material criminal law with the mentioned Convention, however what is essential is the practice and implementation of the provisions in life. Until the mentioned changes, the acts of the perpetrators of femicide or its attempt were mostly qualified as forms of serious bodily injury or murder, a basic form, which did not adequately capture the seriousness of the act, its harm and the motivations of the perpetrator. Femicide, as the most serious manifestation of gender-based violence, is not only a legal but above all a social problem, which requires a proper legislative response. On the other hand, often as an outcome of gender-based violence against women is the killing of the aggressor by the primary victim, which causes difficulty for adequate qualification in practice and adequate treatment.

In the following paper, we will give an overview of the changes that were made, in order to identify possible omissions or highlight positive aspects of the changes in this area. Special attention will be paid to the importance of implementing these provisions, which should improve the efficiency of the legal system in prevention, suppression and punishment. The paper aims to raise awareness of femicide and murder as an outcome of gender-based violence, as a serious social problem that requires urgent and concrete measures, as well as to encourage legal changes in the direction of improvement and alignment with the emergence of new forms and sub-forms of gender-based violence.

***Keywords:*** *femicide, gender-based violence, Criminal Code, murder, practice, woman, victim.*

# ОД ФЕМИЦИД ДО УБИСТВО ВО НУЖНА ОДБРАНА - КУЛМИНАЦИЈАТА НА РОДОВО-БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО ВО РС МАКЕДОНИЈА, СО ОСВРТ НА НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО И ПРАКСА

**Кошевалиска Олга**
Редовен професор, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип
olga.kosevaliska@ugd.edu.mk

**Нанев Лазар**
Насловен вонреден професор, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип
lazar.nanev@ugd.edu.mk

**Максимова Елена**
Вонреден професор, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип
elena.maksimova@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Ратификувањето на меѓународни инструменти за борба против родово-базираното насилство (како Истанбулската конвенција) и законските решенија кои не беа доволно сензитивни да одговорат на реалните тековни потреби, условија промени кои, во пракса, треба да значат значително подобро и поадекватно справување со оваа материја и, надежно, постигнување на посакуваната превенција. Измените и дополнувањата на Кривичниот законик кои се случија во февруари 2023 година значително ја подобрија законската рамка и го усогласија материјалното кривично право со споменатата Конвенција, сепак она кое е суштинско е праксата и спроведување на одредбите во живот. До споменатите промени, делата на сторителите на фемицид или негов обид, најчесто беа квалификувани како облици на тешка телесна повреда или убиство, основен облик, што не ја доловуваше соодветно сериозноста на делото, неговата тежина и побудите на сторителот. Фемицидот, како најсериозна манифестација на родово-базираното насилство, е не само правен туку пред се социјален проблем, кој изискува правилен законодавен одговор. Од друга страна, неретко како исход на родово-базирано насилство врз жена е убиството на агресот од страна на примарната жртва, кое и предизвикува тешкотија за адекватна квалификација во пракса и адекватно третирање.
Во трудот кој следи ќе дадеме преглед на промените кои беа направени, со цел идентификување на можни пропусти или потенцирање на позитивни аспекти на измените во оваа област. Посебно внимание ќе се посвети на важноста од имплементација на овие одредби, кои треба да ја подобрат ефикасноста на правниот систем при превенција, сузбивање и казнување. Трудот има за цел да ја подигне свеста за фемицидот и убиствата како исход на родово-базирано насилство, како сериозен општествен проблем кој бара итни и конкретни мерки, како и да поттикне законски промени во насока на подобрување и усогласување со појавата на нови облици и подоблици на родово-базираното насилство.

***Клучни зборови:*** *фемицид, родово-базирано насилство, Кривичен законик, убиство, пракса, жена, жртва.*

**За убиството како исход при вршење родово-базирано насилство**

Анализата на кривичното дело убиството е важен извор за откривање на предвремена смртност кај мажите и жените. Севкупно, едно од седум убиства (13,5%) се извршени од интимен партнер а оваа пропорција се смета дека е шест пати поголема за женски убиства отколку за машки убиства (Stöckl, 2013).

2022 година беше година на регистриран највисок процент на убиени жени затоа што се жени, на глобално ниво. Околу 48.000 жени во светот беа убиени од нивите интимни партнери или друг член на семејството од машки пол. Во просек, 133 жени и девојки на ден се убивани од машки припадник на семејството (UNWomen, 2023, p. 3). Податоците кои се прикажуваат во официјалните статистики се алармантни, сепак, за жал се далеку од вистинската бројка. Голем број на случаи остануваат во темното поле. Груба проценка е дека за четири од десет умислени убиства на жени или девојки, нема доволно информации за да се квалификуваат како родово-базирани убиства, најчесто поради националните разлики во практиките за евидентирање (UNWomen, 2023). Друг проблем е и не пријавувањето, ригидната истрага, како и невидливоста на фемицидот надвор од доменот на интимните односи (пр. убиства за чест, убиства поврзани со мираз, убиства на домородни жени и девојки). Дури и кога сторител е интимниот партнер, самото дело е системски маргинализирано или невидливо или класифицирано во погрешна збирка на податоци, што само ја разгорува невидливоста на фемицидот (European Institute for Gender Equality, 2021). Сепак, како најекстремна форма на родово-базирано насилство врз жени и девојки, фемицидот мора соодветно да се дефинира, законски пред сѐ, и адекватно да се нормира, доловувајќи ја во целост сериозноста, со цел постигнување на соодветно детектирање и справување. Терминот фемицид се појавил со цел да ги опфати машките насилства врз жените кои постоеле и сѐ уште постојат. Во 1976 година Диана Русел (Diana H. Russell) на првиот Меѓународен трибунал за криминал врз жените го дефинирала како термин кој опфаќа убивање на жени од мажи, само затоа што се жени (Grzyb, 2018). Иако овој термин постоел, сепак на овој начин се додава политичка конотација и се сместува во поширока феминистичка политичка рамка. Со текот на годините дефиницијата за фемицид се менува и дополнува, но суштината останува иста. Според Обединетите нации под фемицидот/феминицид се подразбира „родово базирано убиство на жени", кое може да има многу форми, како: интимно – партнерско убиство, убиство на жени обвинети за вештерство/волшебништво, убиство на жени во „име на честа", убиство на жени во вооружени конфликти, убиство на жени поради мираз, убиство како резултат на сексуална ориентација или родов идентитет итн. (Димушевска Е. , 2021). Насилството врз жените е производ на припадноста на родот. Жените најчесто се на мета на насилства токму поради нивниот пол. Најчесто на фемицидот му претходи континуирана виктимизација на жртвата (Taylor, 2012, p. 345), односно повеќегодишно насилство од секаква форма кое претежно доаѓа од член од семејство, како поранешен или сегашен интимен партнер, и само по себе не претставува изолиран инцидент кој се случуваат ненадејно и неочекувано. При вакви ситуации исходот не е секогаш идентичен, но е подеднакво лош. Мажите често ги убиваат сопругите по долги периоди на продолжено физичко насилство придружено со други форми на злоупотреба и принуда, улогите во таквите случаи некогаш и се менуваат (Dobash, 1992, стр. 81). Така, жената може лесно да стане и сторител на кривичното дело убиство, лишувајќи го од живот, од позиција на нужна одбрана, својот долгогодишен агресорот (Walker, 2009). Други термини кои се користат се феминицид, се убиство во име на „честа" и злосторства од страст. Како алтернативен термин се посочува и гендерцид (анг. genercide), кој всушност претставува многу поинклузивен термин. Некои феминистки сметаат дека мотивите кои доведуваат до фемицид се многу поразлични од мотивите за убиство. Всушност, фокусот не се става на насилство кое се случува на улица, туку на насилството кое се случува во домот или од најблиските лица на жртвата (Димушевска, 2018, стр. 10).

Јасниот мотив и поврзаноста на злосторството со полот на жртвата е клучниот момент кој го категоризира убиство како фемицид. Сепак, огромен удел во виктимизацијата на жената, освен биолошкиот, имаат и низа на етиолошки фактори, како економски, културни, социјални и сл. Анализа направена на оваа тема на земјите од Балканот јасно покажува огромен удел во случаите на фемицидот на просторот имаат предрасудите, обичаите, традициите и другите практики кои се засноваат врз идејата за инфериорност на жените, т.е. за стереотипни улоги на жените и мажите (Бекер, 2023, стр. 98). Кај жените, за разлика од мажите, е многу поверојатно дека убиството извршено врз нив потекнува од интимен  партнер или член на семејството. Оние кои успеваат да преживеат, се соочуваат со секундарна виктимизација поради пречките на кои наидуваат при пристапот до правда, родовите стереотипи, обвинување на жртвата од јавноста и неадекватниот одговор од институциите и професионалците кои треба да и укажат помош (UNDOC, 2022).

Од друга страна, кога жената пак врши убиство, тоа доаѓа најчесто како резултат на губење на контрола, на сопствената перцепција за доживеан „неуспех" на одредено животно поле (Meguire, 2001, стр. 716). Разбирањето на женската насилничка природа во психологијата се врзува со „синдромот на малтретирана / повредувана жена", односно посттрауматска состојба која се создала по долгогодишно малтретирање на жената од лице кое во одредена животна доба имало контрола над неа (Walker, 2009, стр. 42). За интимни врски кои завршуваат со смртни последици каде мажот бива убиен од жена се посочува дека нему му претходат сериозни обвиненија и полициски досиеја за насилни одесувања и злоупотреби кои не би се сретнале во ниту еден друг случај на убиства извршени врз мажи и дека веројатностите за жена да изврши убиство врз интимниот партнер во самоодбрана се 19 пати поголеми  одошто е познато за мажите (Felson, 1998). Состојбата во која жената го убива својот насилник се смета како состојба на очај. Таа не би посегнала по неговиот живот доколку тоа не го смета за последна опција. Таа нема волја да го убие, туку само сака да стори нешто со што повредувањето ќе престане засекогаш. Предвидувањето на ризикот од смртноста и вршењето убиство над насилникот од страна на жената жртва може да се направи доколку претходно се процени нејзиното ниво на умешност за справување со ситуацијата. Ако таа се чувствува преплашена, совладана, лута или заробена, и смета дека ѝ претстои високо ниво на загрозување со оглед на однесувањето на напаѓачот, тогаш, во дадена ситуација, нејзината реакција на самоодбрана би завршила со смртни последици (Максимова, 2019)

Од февруари 2023 година, македонското кривично законодавство претрпе промени со цел усогласување кон Истанбулската конвенција и поголема сензитивност при родово-базираното насилство. Се воведе посоодветна инкриминација која го опфаќа фемицидот како квалифициран вид на убиство, се направија измени во постојни инкриминации и дополнувања, се воведе демнењето како посебна инкриминација и сл.  Поради тоа, во овој труд ќе биде направена анализа на законодавството и праксата пред во овој краток период кој го имаме по измените, а со цел согледување на позитивните или негативните резултати кои ги имаме постигнато во овој меѓупериод и извлекување на заклучок за евентуалното можно подобрување на. Сметаме дека овие измени беа повеќе од нужни, сепак она кое е релевантно е примената во пракса и нивното спроведување во живот кое ќе биде анализирано подолу.

## 1. Измени на македонското кривично законодавство за посоодветна превенција и сузбивање на убиството како најекстремна форма на родово-базирано насилство

На 22 декември 2017 година беше донесен Законот за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство[1]. Се чекаше шест години од потпишувањето за конечно овој документ да биде ратификуван. Сепак тоа не

[1] Закон за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, Службен весник на Република Македонија бр.198/2017

значи дека до овој период постои неактивност на ова поле за подобрување на националната регулатива. Претходно, Македонија во 1994 година ја ратификуваше Конвенцијата на ОН за елиминација на сите форми на дискриминација, а веќе во 1995 година ја потпишавме и Пекиншката декларација и платформа за акција. Се правеа измени на законски одредби и се носеа закони (како на пример Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство од 2014 година), кои имаа за цел родова еднаквост, борба против насилството врз жените и сл., сепак фокусот на оваа анализа е ставен на не толку далечно минато, туку на решенијата со кои сега се соочуваме денес и нивната имплементација во пракса.

Во 2018 година, по ратификацијата на Истанбулската конвенција, беше донесен Акционен план за спроведување на Конвенцијата[2], чија главна цел е создавање, спроведување и координирање на сеопфатна национална политика за спречување и елиминирање на насилството врз жените. Во него се нагласува дека Македонија треба да преземе законски и други мерки за да обезбеди правна, институционална и организациска рамка за спречување на насилството врз жените, заштита на жртвите на насилство и казнување на сторителите на насилство. Фокусот беше поставен на трите основни цели поставени со Акциониот план, односно: 1. Усогласување на правната рамка со одредбите на Конвенцијата; 2. Воспоставување општи и специјализирани служби за унапредување на заштитата на жртвите на родово-базираното насилство и жртвите на семејното насилство и 3. Спроведување на активности за спречување на родово-базираното насилство и семејно насилство (Балшиќевска, 2020). Во рамки на третата цел предвидено е зголемување на улогата на Народниот Правобранител во следењето на фемицидите – убиства на жени, преку воспоставување на femicide watch механизам, кое сè уште не е имплементирано.

Најголем напредок на државата во оваа област во насока на ратификација на Конвенцијата можеби е донесувањето на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, донесен во јануари 2021 година. Член 3 од Законот, го дефинира насилството врз жените, семејното насилство, родово-базираното насилство врз жените, родот, жените и жртвите. Покрај објаснувањето на одредени други термини, тој дава дефиниции за различни под-форми, како што се физичко, психолошко, економско, сексуално насилство, за терминот следење, принуден брак, осакатување на женски генитални органи, сексуално вознемирување и сексуално вознемирување преку интернет, принуден абортус, трговија со жени, присилна стерилизација и присилна контрола на жените[3]. Фемицидот овде не е дефиниран, туку се надзира во дефиницијата за физичко насилство каде се вели дека "физичко насилство е секое дејствие на примена на физичка сила или дејствие со кое се нарушува здравјето и телесниот и психичкиот интегритет на жртвата". Овој Закон е особено тесно врзан со проблемот на фемицидот, со оглед дека светските, регионалните, па и домашните искуства покажуваат дека ваквите случаи најчесто се врзани со семејното насилство при неговата инциденција (Габер-Дамјановска, 2023, p. 32). Тука се уредени постапувањата на институциите со должно внимание при преземање на мерки за превенција, за заштита од родово-базирано насилство и семејно насилство, за меѓуинституционална координација, услуги и сл. Со цел усогласување со Истанбулската конвенција, направена е серија измени и дополнувања на постоечки закони, донесени се низа нови, а сè уште се работи и на вметнување други законодавни промени.

Во февруари 2023 година беа донесени измени и дополнувања на Кривичниот законик[4], со што дојде до промена на членот 123, за кривично дело убиство. Додадена е нова точка во ставот два, точка 2-а, каде се инкриминира лишувањето од живот жена или девојче до 18 години, при вршење на родово базирано насилство. Така, според новото решение, со затвор од најмалку десет години или

---

[2] Акционен план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство во Република Македонија 2018-2023, Министерство за труд и социјална политика, август 2018, достапен на [НАП за спроведување на Истанбулска конвенциа.doc (live.com)]

[3] Член 3, Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Службен весник на Република Македонија бр.24/2021 од 29.1.2021

[4] Измени и дополнувања на Кривичен законик, Службен весник на РС Македонија бр.36/2023

со доживотен затвор ќе се казни тој што друг ќе лиши од живот жена или девојче до 18 години, при вршење на родово базирано насилство. Ваквите поведенија пред измените беа категоризирани или под одредбата за лишување од живот лице при вршење на семејно насилство или под некои од останатите квалифицирани облици, доколку постоеше докажана отежнителна околност, но и неретко и под основниот облик за кој запретената казна е поблага (долната граница е пет години). Не изостанува и праксата каде делото е опфатено како квалифициран облик на тешка телесна повреда не уважувајќи го моментот на мотивот за предизвикување на тешката телесна повреда на прво место (кој несомнено е врзан со родовата припадност). Моменталното решение кое го имаме нуди можност за судиите и обвинителите да го подведат делото под квалифициран облик на убиство поради припадноста на жртвата кон родот. Новите решенија не го издвојуваат фемицидот како засебна инркиминација, ниту го ословуваат со вистинскиот назив, но нормативната можност е создадена, па доколку делото е извршено поради припадноста на жената/девојката на женскиот род самото тоа претставува отежнителна околност да делото се подведе под наведениот квалифициран облик на убиство. Несоодветното подведување на фактичката состојба под вистинската правна квалификација, за фемицидот и за останатите дела поврзани со родово-базирано насилство, би значело постоење на овие одредби само на хартија и несоодветно спроведување во живот на законски измени кои се донесени со цел да заштитат животи, а од друга страна повлекува непријавување на претходното насилство вршено врз жртвата, кое неретко резултира со фемицид или со претворање на жртвата во сторител на кривичното дело убиство, за кое постојат бројни примери во македонската пракса.

Настанаа измени и дополнувања на Кривичниот законик и кај други инкриминирани поведенија. Во случаи кога жена ќе изврши убиство од позиција на претходно докажана виктимизација од страна на насилникот, поведенијата беа подведувани или под основниот облик на убиство, понекогаш и квалификуван (пример доколку е извршено на свиреп, подмолен начин или со остварување на законското битие на некој друг квалифициран облик) или под привилегираниот облик - убиство на миг, доколку се докаже дека жената е доведена во состојба на силна раздразнетост со напад или тешко навредување или како последица на семејно насилство од страна на убиениот. Запретената казна за ова дело, пред измените беше од една до пет години затвор. Во 2023 година и ова дело претрпе измени. Законското битие се дополни и со (како причина на состојбата во која е доведена) родово-базирано насилство врз жената од страна на убиениот, но и запретената казна, на изненадување, се измени. Сега горната граница е поместена од пет на осум години затвор, што повлекува и посложени последици во однос на кривичната постапка. Но пред се, измената која е направена не е направена сензитивно во однос на за жената која ќе изврши убиство на миг откако претходно била виктимизирана од страна на лицето по чиј живот посегнала. Сегашното решение нуди построга казна за секој кој ќе се најде во состојба на раздразнетост и ќе посегне по туѓ живот. Не е направена никаква суштинска или номотехничка дистинкција меѓу жена = жртва на континуирано семејно насилство, од лице кое ќе стори убиство на миг без претходна виктимизација. Секако, и сега а и пред измените, останува опцијата да се примени институтот нужна одбрана доколку се утврди дека нападот е противправен, истовремен, вистински и истоветен. Така, доколку жената го убие напаѓачот во дадена ситуација, кој имал намера да ја убие, а нападот бил вистински и противправен и силата што жената ја применила е истовремена и пропорционална на нападот, со намера да го одбие нападот од себе, без претходна умисла за негово убивање, тогаш за ваквото убиство што го прави жената би можела да се исклучи противправноста и таа да не се казни (Максимова, 2019). До сега имаме еден ваков регистриран случај од ратификацијата на Конвенцијата. Почеста е праксата во која жената се казнува без преголема чувствителност кон нејзината положба, или можеби со заместување за доближување до долната граница за казнување или примена на институтот на ублажување. Сепак инкриминацијата под која се подведува е една од наведените и не добива соодветен третман, што е нужно за лице кое е виктимизирано долги години и трпело насилство. Онаму каде недостига знаењето за поврзаноста на пост-трауматското растројство и

семејното насилство, фокусот се става на интрафизички симптоми и најчесто води до погрешно толкување на симптомите како хронична психопатологија. Ваквиот фокус не само што не е ефективен, туку може да се доживее од страна на преживеаната жена како „обвинување на жртвата" што пак го зајакнува чувството на безвредност и недостиг на контрола врз сопствениот ментален статус (Jones, 2001).

## 2. Статистички податоци за убиства сторени од жена и кон жена

Во глобални рамки, процентот на учество на жената во вкупниот криминалитет не надминува 20 %, за одредени кривични дела не надминува ниту 10%. РС Македонија не е исклучок од овој тренд. За илустрација, подолу е даден бројот на осудени жени во државата од 2005 година па наваму, во споредба со бројот на осудени мажи.

| | Жени | Мажи |
|---|---|---|
| | Осудени | Осудени |
| 2005 | 574 | 8271 |
| 2006 | 560 | 8720 |
| 2007 | 622 | 9017 |
| 2008 | 635 | 8868 |
| 2009 | 695 | 9106 |
| 2010 | 669 | 8500 |
| 2011 | 661 | 9149 |
| 2012 | 624 | 8418 |
| 2013 | 701 | 8838 |
| 2014 | 1126 | 10557 |
| 2015 | 865 | 9447 |
| 2016 | 723 | 7449 |
| 2017 | 550 | 5723 |
| 2018 | 419 | 5438 |
| 2019 | 410 | 4302 |
| 2020 | 558 | 5793 |
| 2021 | 664 | 6970 |
| 2022 | 758 | 7011 |

*Табела бр.1: Сумирани податоци од Државен завод за статистика*

Со цел подробна анализа на темава на просториите на Република Северна Македонија, ќе дадеме приказ на расположливи статистички податоци за убиства сторени од жени и врз жени во последните две децении.

| Кривично дело убиство | | |
|---|---|---|
| | Вкупно | Жени |
| | Осудени | Осудени |
| 2005 | 35 | / |
| 2006 | 36 | 3 |
| 2007 | 36 | / |
| 2008 | 32 | 1 |
| 2009 | 49 | 1 |
| 2010 | 31 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 2011 | 35 | 1 |
| 2012 | 37 | 2 |
| 2013 | 30 | 2 |
| 2014 | 32 | / |
| 2015 | 32 | 3 |
| 2016 | 28 | / |
| 2017 | 20 | 1 |
| 2018 | 16 | / |
| 2019 | 20 | 1 |
| 2020 | 14 | / |
| 2021 | 17 | 1 |
| 2022 | 22 | 1 |

*Табела бр.2: Сумирани податоци од Државен завод за статистика*

Жените на Балканот, воедно и кај нас, во добар процент сè уште ја имаат традиционално подредената положба во семејството, во однос на мажот, но и во оптшествено-економскиот живот во глобала. Со оглед на физичката инфериорност, жените се најчесто жртви во односот со сопрузите и љубовниците, поради сексуално неверство, одбивање да стапат во брак или одбивање на љубовни односи (што не значи дека нема евидентирани случаи на семејно насилство каде жената е во улога на насилник кој се заканува за лишување од живот на партнерот[5]). И во случаите кога постои евидентирано извршено кривично дело убиство од страна на жена, најчесто ѝ претходело долгогодишно малтретирање и виктимизирање проследено со акумулиран душевен немир[6]. Затоа и почесто имаме случаи на обид за убиство одошто за самото убиство како кривично дело. Друг индикатор е и употребата на ладно оружје за вршење на делото, односно за негов обид, кој е најчесто ситуационо најсоодветен, како нож, шрафцигер и сл. Сепак, како што споменавме, ваквите дела остануваат во обид, поради афектниот карактер кој го имаат на прво место. Често и самата жена во улога на сторител е таа која брзо се покајува и пружа помош на жртвата кон која претходно имала убиствени нагони, од причини на амбивалентни чувства и моменталната превласт на омразата над љубовта и обратно[7]. Сумирано, околу 13,5% од вкупно сите убиства се вршени од интимен партнер (Stöckl, 2013). Статистиката која се води од институциите во Македонија не дава јасна слика за профилот на жртвата на кривично дело убиство од страна на жена. Сепак она кое насочува кон тоа

[5] Види пример - Кавадарчанка доби судска забрана затоа што го тепала сопругот (faktor.mk) (последно пристапено на 1.7.2024);
[6] Види примери подолу
[7] Пример: Жена се обидела да го убие мажот, па се пишманила и го однела во болница, https://kajgana.com/zhena-se-obidela-da-go-ubie-mazhot-pa-se-pishmanila-i-go-odnela-vo-bolnica, http://makfax.com.mk/daily-news/%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%B5-%D0%BE%D0%B1%D0%B8%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D0%B0-%D0%B4%D0%B0-%D0%B3%D0%BE-%D1%83%D0%B1%D0%B8%D0%B5-%D0%BC%D0%B0%D0%B6%D0%BE%D1%82-%D0%BF%D0%B0-%D1%81%D0%B5-%D0%BF/ (последно пристапено на 1.7.2024);

дека најчесто е интимниот партнер или близок член на семејството се претходни странски[8] и домашни[9] истражувања.

| Починати од насилна смрт – убиство | | |
|---|---|---|
| | Мажи | Жени |
| 2010 | 13 | 31 |
| 2011 | 11 | 7 |
| 2012 | 27 | 7 |
| 2013 | 12 | 6 |
| 2014 | 26 | 9 |
| 2015 | 32 | 6 |
| 2016 | 13 | 5 |
| 2017 | 23 | 9 |
| 2018 | 16 | 9 |
| 2019 | 20 | 4 |
| 2020 | 20 | 4 |
| 2021 | 7 | 1 |
| 2022 | 5 | 1 |
| 2023 | 16 | 4 |

*Табела бр.3: Сумирани податоци од Државен завод за статистика*

[8] На пример: Шведска истражувачка група (група составена од истражувачи од „Sahlgrenska Academy", од „Karolinska Institutet" и „Stockholm University", Националното биро за форнзичка медицина и Националниот совет за превенција од криминалитет – подетално на веб страната на University of Gothenburg, Sahlgrenska Academy - http://sahlgrenska.gu.se/english/research/news-events/news-article/major-differences-between-women-and-men-who-commit-deadly-violence.cid1377316) ја истражувала зачестеноста на жени и мажи сторители на смртоносни насилства во периодот од 1990 до 2010 година, односно од овој истражувачки период вршеле анализи на разликите и сличностите помеѓу машките и женските престапници, во случајов на сторители на кривични дела убиства. Истражувачите дошле до резултати дека во случаите кога се работело за возрасна жртва, кај женските сторители најчесто бил интимниот партнер, која бил под влијание на наркотични средства, користејќи притоа ладно орудие за извршување на убиството или така именуваното „насилство со нож". Истражувања во Канада покажуваат дека и таму жената која врши убиства главно ги врши врз интимниот партнер, и во 28% од овие случаи претходно била виктимизирана од жртвата (Bourget, 2012). Во САД процентот на жртви – интимни партнери и лица со кои била во некаква врска, убиени од жена е далеку поголем од убиства извршени врз непозната, за неа, личност (Smith, 2022).

[9] Во периодот од 2018-2022 за анализирано 19 случаи на фемицид во Македонија Пет од жртвите биле сопруги на сторителот, 3 биле вонбрачни сопруги, 4 биле бивши сопруги, 2 биле мајки на сторителот, 5 биле во друга релација и тоа три биле баби на сторителот, една била тешта на сторителот, една била сопруга на братот на сторителовата сопруга (шурнајка). Пред настанот четири од жртвите биле малтретирани од сторителот, пет од нив не биле, а за останатите 10 овој факт не е познат. (Габер-Дамјановска, 2023). Од интервју спроведено со затвореници во КПД Идризово во декември 2017, од 4 жени од вкупно 6 осудени за убиство имаат изјавено дека претходно биле виктимизирани од интимен партнер или близок познаник. 2 се осудени за убиство на интимен партнер од кого трпеле семејно насилство, 1 од блиска личност од кого исто така трпела психичко насилство и демнење, а една има сторено убиство како соучесник со машки интимен партнер врз малолетно девојче, исто така претходно виктимизирана (Maksimova, 2023).

Со нешто поразлични податоци располага Министерството за внатрешни работи[10] за жртви жени. Имено, според нивната дата база состојбата (за до 2022 година) е следнава:

| Година | Вкупно жртви | огнено оружје | Нож | Секира | Остар предмет | Тврд предмет | Давење | Задушување | Физичка сила | Запалување | Неукажување помош |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2012 | 11 | 4 | 2 | | 1 | 1 | 1 | 2 | | | |
| 2013 | 6 | 2 | 1 | 2 | | 1 | | | | | |
| 2014 | 8 | 6 | | | | | | | 2 | | |
| 2015 | 4 | 1 | | 1 | 1 | | 1 | | | | |
| 2016 | 7 | 2 | | | 2 | 2 | | | | | 1 |
| 2017 | 8 | 3 | 1 | 1 | | 2 | | | | 1 | |
| 2018 | 9 | 4 | 5 | | | | | | | | |
| 2019 | 5 | 1 | 2 | | | 1 | 1 | | | | |
| 2020 | 5 | 3 | 1 | | | | 1 | | | | |
| 2021 | 3 | | 2 | | | | | 1 | | | |
| 2022 | 2 | | | 1 | 1 | | | | | | |

Кај повеќе случаи на убиства на жени во Македонија, кривичното дело е извршено од страна на актуелниот или поранешен брачен или вонбрачен партнер со кого живееле во заедница. Во повеќе од 80% од случаите, убиството се случило во заедничкиот дом или, доколку била отпочната постапка за развод, во домот на родителите на жртвата (Јовановска, 2022). Најголем процент од убиствата, според податоците од Државен завод за статистика, врз жени, се вршат со огнено оружје, остар предмет, помалку со тап предмет, давење или примена на телесна сила. Според податоците од Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, во РС Македонија во периодот од 2001-2016 регистрирани се 32 случаи на фемицид, од кои 15 се случиле во периодот од 2013-2016 година, (Димушевска, Анализа на случаи на фемициди - убиства на жени во Република Македонија, 2018, стр. 6). а во периодот од 2017-2020 година 22 случаи (Габер-Дамјановска, 2023, стр. 41) Официјална статистика за овој период и ова дело нема.

За потребите на овој труд беа побарани податоци од Министерството за внатрешни работи, Оддел за односи со јавноста и стратешки прашања, Сектор за односи со јавноста и протокол - слободен пристап до информации. Од добиениот одговор (решение бр.16.1.2-831/3) за вкупен број на мажи кои убиле жени и обратно податоците се следниве:

| Година | Сторители мажи | Жртви жени | Сторители жени | Жртви мажи |
|---|---|---|---|---|
| 2013 | 5 | 7 | 0 | 0 |
| 2014 | 6 | 8 | 2 | 2 |
| 2015 | 4 | 4 | 0 | 0 |
| 2016 | 5 | 5 | 0 | 0 |
| 2017 | 7 | 8 | 1 | 1 |
| 2018 | 7 | 7 | 0 | 0 |
| 2019 | 4 | 4 | 1 | 1 |
| 2020 | 4 | 5 | 1 | 1 |

[10] Решение за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, рег.бр. 16.1.2-591/3 од 5.5.2023, Министерство за внатрешни работи

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2021 | 5 | 4 | 2 | 2 |
| 2022 | 2 | 2 | 3 | 3 |
| 2023 | 7 | 9 | 0 | 0 |
| Јануари-јуни 2024 | 3 | 3 | 1 | 2 |
| **Вкупно** | **59** | **66** | **11** | **12** |

Дополнително, во истото решение појаснето е дека покрај овие податоци, регистрирани сè уште три случаја каде што како сторители се јавуваат и мажи и жени кои лишиле од живот мажи и жени, односно:

- Во 2014 година, поднесена е пријава за кривично дело „убиство" во која како сторител се јавува маж кој лишил од живот двајца мажи и една жена.
- Во 2018 година поднесена е кривична пријава за сторено кривично дело „убиство" во која како сторители се пријавени двајца мажи и една жена а жртви се маж и две жени и
- Во 2018 година поднесена е кривична пријава за сторено кривично дело „убиство" во која како сторители се пријавени маж и жена а жртва е маж.

### 3. Case - study – издвоени случаи од пракса

Во септември 2021 година наидовме на случај кој силно ја потресе македонската јавност по ова прашање. 23-годишна жена во состојба на силна раздразливост поради претходно насилство му го одзеде животот на лице со кое живеела во вонбрачна заедница. Тој ден, сега починатиот, се вратил дома во алкохолизирана состојба и започнал вербална расправија со обвинетата, нарекувајќи ја со најпогрдни зборови. Таа влегла во спалната соба и легнала да спие, но тој дошол до неа, ја грабнал за пижамата и ја одвлекол во кујната, удирајќи ја по главата, увото и левото рамо, и со клоци по левата натколеница. Потоа цврсто ја фатил за рацете околу вратот и почнал да ја дави. Пријавената се спротивставила и го молела да ја пушти, па во еден момент извадила нож од масата и го прободела во срцето. Како последица на убодот дошло до нарушување и прекин на работата на срцето и смрт кај сега починатиот (Портал, 2021).

На младата жена и беше одреден притвор (ОЈО, 2021), кој ѝ е продолжен од причина што немаше готови наоди од вештите лица (Клинчарова, 2021), а потоа и куќен притвор и кој мораше да го издржува во нехумани услови, бидејќи во меѓувреме била ограбена, а прекинато и снабдувањето со струја поради неплатени долгови (Публикум, 2022). Од Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство објавија апел преку порталот Фејсбук за собирање средства за помош за подмирување на долговите за велешанката. Обвинителството против жената поднесе обвинение за убиство на миг „извршено во состојба на силна раздразливост поради семејно насилство". Одбраната се темелеше на употреба на институтот нужна одбрана.

Граѓанските организации, членки на Платформата за родова рамноправност, Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство и Мрежата за заштита од дискриминација, остро реагираа на одлуката на Основното јавно обвинителство – Велес, кое одлучи да поднесе обвинение против кривично дело – Убиство за миг (член 125 од КЗ), бараа да се повлече обвинителниот предлог и да се примени институтот нужна одбрана (Хера, 2022). Во меѓувреме, имаше онлајн петиција за нејзино ослободување и беа собрани над 1700 потписи за четири дена. На одлуката на обвинителството реагираше и Хелсиншкиот комитет за човекови права кој застана во одбрана на обвинетата, посочувајќи дека понатамошното постапување на правосудните органи во овој случај несомнено ќе го одрази нивото на јавната свест, а ќе придонесе и за поттикнување на жртвите да пријават насилство против жените и семејното насилство (Република, 2022). На 15 февруари 2022 година, Судот донесе ослободителна пресуда врз основа на институтот нужна одбрана и исклучување на противправноста (член 9 од КЗ). Ова беше прв позитивен случај каде се уважи

состојбата на жената која врши дело под состојба на силна раздразнетост и во самоодбрана, сепак беше изложена на секундарна виктимизација од страна на институциите и јавноста, го помина патот на водење на постапка против неа во моменти кога е најранлива, доби мерка притвор и куќен притвор и не е добиен соодветен посттрауматски третман.

Неодамнешен сличен случај имаме во Кратово, за кој постапка сè уште се води. Во јуни 2024 година, 36 годишна жена од Кратово ги уби својот сопруг и свекорот (Мета.мк, 2024). Основното јавно обвинителство во Куманово донесе Наредба за спроведување истражна постапка против осомничената подведувајќи ги нејзините дејствија под кривично дело – Убиство од член 123 став 3 во врска со став 2 точка 2 од Кривичниот законик (ОЈО, Истрага за двојното убиство во Кратово, 2024). Притоа, определен и е 30 дневен притвор, по предлог на јавниот обвинител. Во соопштението за јавноста од Обвинителството се наведува дека делото е сторено *„(...) при вршење семејно (...), осомничената со умисла ги лишила од живот сопругот и свекорот. По претходна вербална расправија, сопругот физички ја нападнал осомничената, удирајќи ја со тупаници во пределот на главата и телото, а потоа со рацете ја фатил за вратот и почнал да ја дави. Таа успеала да се тргне и од кујната зела кујнски нож со кој најпрвин го прободела сопругот, а потоа и неговиот татко. Од повредите тие починале на лице место"*.

Вака подведен случајот под член со кој е инкриминирано „лишувањето од живот и (...) со умисла доведување во опасност на животот на уште некое лице" (член 123 став 3 КЗ), а во врска со „(...) лишување од живот при вршење на семејно насилство" (член 123 став 2 точка 2), е неспоиво со огромните и подобрени законски можности кои ги нуди денешната регулатива. Иако случајот е во тек и сè уште ги немаме деталите од фактичката состојба, сепак во соопштението од самото обвинителство е наведено дека претходела вербална расправија, сопругот физички ја нападнал, ја удирал со тупаници во главата и по телото, со рацете ја давел. Понатаму во соопштението се вели дека делото е сторено со умисла, за потоа да се наведе дека осомничената успеала да се тргне и од кујната зела кујнски нож со кој најпрвин го прободела сопругот, а потоа и неговиот татко. Дејствијата укажуваат на поинаква слика од правната квалификација која е направена. Укажуваат на тоа дека осомничената самата била жртва на семејно насилство, а се гони како да е сторител на таквото насилство.

Платформата за родова еднаквост реагираше на одлуката на Основното јавно обвинителство Куманово да започне постапка против осомничената, која, сметаат, е жртва на семејно насилство. Нагласија дека во конкретниов случај станува збор за акт на самоодбрана, односно, за институтот нужна одбрана, а не за сторено кривично дело „убиство со умисла", како што тврди Јавното обвинителство во своето соопштение (Миновска, 2024). Во јавноста се разбрануваа и информации дека ова насилство било долгогодишно и континуирано, врз неа и децата и дека осомничената безуспешно пријавувала (Фактор.мк, 2024). Доколку сето ова е така, никако не смее да се дозволи процесирање на случајов или донесување осудителна пресуда за ваквата квалификација. Истото би било погубно, не само за осомничената и нејзините малолетни деца, туку и за останатите жртви на семејно насилство кој ќе се обесхрабрат да ги пријавуваат нивните сторители, а за правниот поредок би било огромен чекор назад од имплементација на одредбите донесени согласно Истанбулската конвенција. Сепак сè уште немаме детали за фактичката состојба и случајот допрва ќе биде дискутиран и решаван.

**Издвоени случаи на фемицид**

Четириесет и шестгодишна жена во Кочани во септември 2023 година почина од 40 убоди од нож нанесени од маж кој ѝ изнудувал пари, пред домот во кој живеела. Жената претходно неколку пати пријавувала закани во полиција и во јавното обвинителство од каде побарала и заштита. По објавувањето на случајот, веднаш реагираа сите невладини организации (360 степени, 2023).

Хелсиншкиот комитет предложи делото да се гледа како фемицид и ништо друго. Од Платформата за родова еднаквост одговорија дека поради непостапување на институциите се случи уште еден фемицид. Тие сметаат дека тоа отвора сомнеж дали институциите постапиле соодветно и со должно внимание и дали пријавите поднесени од жртвата биле третирани како пријави за родово базирано насилство и дали биле преземени сите соодветни мерки, како на пример од страна на полицијата, како и од обвинителството, но и од центарот за социјални работи, како институции кои треба да обезбедат заштита на жртвите на родово засновано насилство (Фактор.мк, 2023). По поднесен обвинителен акт од Основното јавно обвинителство Кочани, а по признание на вина, Основниот суд во Кочани, во април 2024 година донесе осудителна пресуда за едно лице за кривично дело – Убиство извршено при родово базирано насилство, а на сторителот му е изречена казна доживотен затвор (Телма, 2024).

Нешто постар случај кој ја згрози јавноста се однесува на сторител кој обвинителството го товари за сторена тешка телесна повреда (член 131 ст.3 од Кривичниот законик). Имено, при вербална расправија, пријавениот извршил семејно насилство врз жена со која претходно неколку години живеел во вонбрачна заедница. Неколку пати ја удрил во главата, а потоа ја турнал кон тушот во бањата. Оштетената паднала и се здобила со тешка телесна повреда од која паднала во коматозна состојба (ОЈО, 2022). По извесен период, жената починала (Канал 5, 2022). На 27.10.2022 година, Обвинителството од Кавадарци до надлежниот суд поднесе обвинителен акт со предлог за продолжување на мерката притвор и предлог за определување мерка на безбедност – задолжително психијатриско лекување и задржување во здравствена установа.

Оваа вест предизвика лавина реакции во јавноста. Платформата за родова еднаквост изрази сериозна загриженост за квалификацијата на фемицид. Наведоа дека вака поставената квалификација ќе овозможи само изрекување на полесна санкција и нема да ги постигне целите на казнување, ниту ќе ја одрази суштината на фемицидот како најтежок облик на родово базирано насилство. Побараа советот при донесување на одлуката за одобрување на обвинителниот акт да го преквалификува делото во Убиство од член 123 став 2 точка 2, за што е предвидено дека тој што друг ќе лиши од живот при семејно насилство ќе се казни од најмалку десет години или со доживотен затвор (Платформа за родова еднаквост, 2022). Тие нагласија дека во духот на Истанбулската конвенција, а во согласност со нашето законодавство, јавното обвинителство е должно да го примени принципот на длабинска анализа и дека по увидот во списите се увиди дека целиот случај се состои само од фотографии од местото на инцидентот, вештачење за психичката состојба на обвинетиот и вештачење за крвта и отпечатоците пронајдени во станот. Присуството на алкохол во крвта на обвинетиот придонесе вештакот да смета дека во моментот на извршување на кривичното дело, сторителот бил со битно намалена пресметливост, кое првостепениот суд го уважи како такво во пресудата (присуство на 1,94 промили алкохол во крв). За време на судењето Јавниот обвинител го повлече Предлогот за определување на мерка безбедност „Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа" спрема обвинетиот Петре Несторов од Неготино, бидејќи состојбата на битно намалена пресметливост во која се наоѓал обвинетиот во моментот на извршување на кривичното дело повеќе не постоела, па престанала потребата од изрекување на оваа мерка безбедност. Меѓутоа наведе дека обвинетиот во моментот на извршување на кривичното дело бил во состојба на битно намалена пресметливост, но согласно чл. 12 ст. 3 од КЗ, обвинетиот е кривично одговорен, бидејќи сам се довел во таква состојба со употреба на алкохол, што второстепениот суд подоцна го најде за спорно од причини што за самостојно доведување во состојба на непресметливост/битнонамалена пресметливост поради консумација на алкохол нема исклучување на кривична одговорност или поблаго казнување (actio libera in causa - чл.12 став 3 од КЗ). Првостепениот суд во пресудата наведе дека „... признанието на вина, жалењето и каењето за тоа што го сторил не ги оправдуваат неговите постапки, не влијаат на високиот степен на кривична одговорност тоа е само оправдување пред самиот себе. Никој не му дал за право на обвинетиот да посегне по животот на покојната, а уште повеќе да ѝ нанесе и да ѝ предизвика тешки телесни повреди

од кои како последица настапила смрт на повредената..."[11]. За намерата, Обвинителството се раководеше само од сведочењето на обвинетиот кој изјави дека сакал само да ја претепа. Досудена е висока затворска казна од 15 години, по признавање на вината од обвинетиот (Клинчарова, Фокус, 2022). Ваквата пресуда е обжалена и Основното јавно обвинителство, поради незадоволство во делот на одлуката за кривичната санкција, барајќи построга ефективна казна, како и од обвинетиот преку неговиот бранител, исто така во делот на санкцијата, а со цел досудување на помала казна затвор. Апелациониот суд по службена должност ја укина пресудата на Основниот суд Кавадарци и предметот го врати на повторно судење на првостепениот суд, отфрлајќи ги воедно жалбите на странките како беспредметни[12]. Апелациониот суд, покрај горенаведената забелешка, се повикува и на несоодветно утврдување на конститутивниот елемент од субјективното битие на кривичното дело – умислата при сторување на делото: „со умисла тешко телесно ја повредил оштетената при вршење на семејно насилство)", констатирајќи дека битиетно на делото подразбира свест и волја, а „првостепениот суд вршењето на семејното насилство погрешно го прифаќа како начин на извршување на кривичното дело, а не како елемент на кривичното дело". Судот забележува дека и даденото признание е доведено во прашање од причини што првостепениот суд не го расчистил спорното прашање и не утврдил дали признанието е во поткрепа со решителните факти во врска со делото, со што, констатира, првостепениот суд сторил суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка донесувајќи нејасна пресуда во која, бидејќи недостигаат причините за решавачките факти, се доведува под сомнение и працилната примена на материјалното право. Пресудата е укината и вратена на повторно судење, а по повторената постапка повторно е досудена истата затворска казна (15 години) за кривично дело „Тешка телесна повреда по чл.131 ст.4 в.в. ст.2 в.в. ст.1 од Кривичниот законик"[13].

**Заклучок**

Анализата направена погоре има за цел да направи преглед од аспект на позитивното право и пракса во Република Северна Македонија за една особено комплексна проблематика која бара мултидисциплинарен и мултисекторски пристап при креирање на адекватна политика за сузбивање, а до току повеќе за нејзино превенирање – убиствата вршени по претходно постоење на насилство и виктимизација. Евидентно е дека овој исход може подеднакво да е извесен и кога мажи или жени се јавуваат во состојба на сторители, но и дека во обата случаи најчесто жените се оние кои се претходно виктимизирани, и фемицидот е доста почест.

Статистичките податоци покажуваат особен диспаритет при вкупната родова распределеност на криминалитетот воопшто – мажите се оние кои превагнуваат во сите полиња. Сепак, не смееме а да го занемариме и малиот број на случаи по години кога жената врши убиства, кои се најчесто последица на претходна виктимизација и несоодветното и ненавременото постапување на институции во државава за превенирање на вакви сценарија. Статистиката ни потврдува дека многу повеќе мажи од жени се осудени за кривично дело убиство, и дека не секогаш жени се жртви кога мажи вршат убиства и не секогаш постои претходна виктимизација, но скоро секогаш кога жена врши убиство тоа го прави врз маж од кој трпела долгогодишно насилство.

Убиството како најтежок исход на родово базирано насилство е светски препознаен проблем на кој во последните години интензивно се работи со цел усогласување на елементите на делото и казнените политики, а во насока на негово адекватно нормирање и законско препознавање. Република Северна Македонија не е далеку од овие трендови, што повеќе, за поздравување се

[11] Пресуда на Основен суд Кавадарци, К.бр.237/2002 од 22.2.2022
[12] Решение на Апелационен суд Скопје, КЖ-76/23 од 2.3.2023
[13] Пресуда на Основен суд Кавадарци, К.бр. 61/ 22 од 13.4.2023 година

целокупните измени и напори кои се правата за да постои подобрување како нормативно, така и практично. Сепак, праксата сѐ уште не е доволно напредната и усогласена по ова прашање, што покажуваат и анализираните случаи погоре.

Сѐ уште имаме сериозни двоуми за подведување на дело под соодветна правна квалификација, несоодветно препознавање и третирање на жртвите на насилство навремено и несоодветен третман за жртви кои го убиле својот агресор под развиен синдром на повредувана жена. Некако институционално сѐ уште лебдиме над досега наученото и новоимплементираното и колку и да сме напреднале на хартија, согледуваме дека ќе ни треба значително подол период за да имаме напредок и во пракса. Најголемиот проблем кој го имаме – превенцијата – е всушност и единствениот на кој треба сериозно да работиме за намалување на броевите прикажани погоре. За мала држава како нашата, овие бројки се фрапантни и не смеат да следат тренд на нагорна линија при вака „модернизирано" законодавство. Неопходна е обука на сите инволвирани чинители, во текот на целиот процес од препознавање на родово базирано и семејно насилство – до негов соодветен третман, а се со цел внимателно и правилно постапување во секој чекор од процесот и спречување да одземањето животи биде единствениот начин за еден цикличен круг на насилството да запре.

## БИБЛИОГРАФИЈА

*360 степени*. (2023, септември 25). Retrieved from 360stepeni.mk: https://360stepeni.mk/ubistvo-vo-kochani-zhena-izbodena-so-nozh-pred-kukata-vo-koja-zhiveela/

Bourget, D. G. (2012). Women who kill their mates. *Behavioral Science and the Law*, 598-614.

Dobash, R. P. (1992). The myth of sexual symmetry in marital violence. *Social Problems*, 71-91.

European Institute for Gender Equality. (2021). *Gender-based violence, Defining and identifying femicide: a literature review.* Retrieved from https://eige.europa.eu: https://eige.europa.eu/sites/default/files/documents/20213658_mh0921293enn_pdf.pdf

Felson, R. M. (1998). Disentangling the effects of gender and intimacy on victim precipitation in homicide. *Criminology*, 405-424.

Grzyb, M. N.-S. (2018). Femicide definitions. In C. C. S. WEIL, *Femicide across Europe: Theory, research and prevention* (pp. 17-32). Bristol University Press .

Jones, L. H. (2001). Post-Traumatic Stress Disorder (PTSD) in Victims of Domestic Violence. Sage Publications.

Maksimova, E. K. (2023). Battered woman syndrome in female perpetrators in Republic of North Macedonia. In D. M. Stanojoska, *The Handbook on Female Criminality in the Former Yugoslav Countries* (pp. 133-163). Springer.

Meguire, M. M. (2001). *The Oxford Handbook of criminology fourth edition.* Oxford University Press.

Smith, E. L. (2022). *Female Murder Victims and Victim-Offender Relationship, 2021.* The Bureau of Justice Statistics of the U.S. Department of Justice.

Stöckl, H. D. (2013). The global prevalence of intimate partner homicide: a systematic review. *The Lancet*, 859-865.

Taylor, R. J. (2012). Femicide and the Feminist Perspective. *Homicide Studies*, 342-362.

UNDOC, U. N. (2022). Strategy for gender equality and the empowerment of women (2022-2026). Vienna.

UNWomen. (2023, November 22). *Five essential facts to know about femicide*. Retrieved from Unwomen: https://www.unwomen.org/en/news-stories/feature-story/2022/11/five-essential-facts-to-know-about-femicide#Women_and_Girls_Are_Most_Likely_to_Be_Killed_by_Those_Closed_to_Them

UNWomen. (2023). *Gender-Related Killings Of Women And Girls (Femicide/Feminicide), Global estimates of female intimate partner/family-related homicides in 2022.* United Nations Office on Drugs and Crime.

Walker, L. (2009). The Battered Woman Sundrome, Third Edition. *Springer publishing company*.

Балшиќевска, М. А. (2020). *Извештај за напредокот на Р. Северна Македонија при спроведувањето на националниот Акциски план за имплементација на Истанбулската конвенција, октомври 2018-октомври 2020.* Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство.

Бекер, К. (2023). *Судски одговор на фемицид во Западниот Балкан – Правна рамка и судска пракса.* AIRE центар.

Габер-Дамјановска, Н. Г. (2023). *Фемицидот во Република Северна Македонија: Состојба, правна рамка и судска пракса (2018-2022).* AIRE центар (Советување за индивидуални права во Европа).

Димушевска, Е. (2018). *Анализа на случаи на фемициди - убиства на жени во Република Македонија.* Скопје: Национална мрежа против насилство врз жените и семејно асилство – Глас против насилство.

Димушевска, Е. (2021). *Анализа на случаи на фемициди, Убиства на жени во Република Северна Македонија, 2017-2020 година.* Скопје : Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство".

Јовановска, Б. (2022). *Кога непостапувањето е убиство.* Хелсиншкиот комитет за човекови прав.

*Канал 5*. (2022, август 7). Retrieved from kanal5.com: https://kanal5.com.mk/pochina-zhenata-od-negotino-koja-beshe-pretepana-od-partnerot/a541609

Клинчарова, В. (2021, ноември 27). *Продолжен притворот на велешанката Пале*. Retrieved from Фокус: https://fokus.mk/prodolzhen-pritvorot-na-veleshankata-pale/

Клинчарова, В. (2022, ноември 23). *Фокус*. Retrieved from Fokus.mk: https://fokus.mk/petnaeset-godini-zatvor-za-negotinetsot-koj-do-smrt-ja-pretepa-poraneshnata-partnerka/

Максимова, Е. (2019). Жени што убиваат (или повредуваат) од позиција на жртви на семејно насилство. *Македонска ревија за казнено право и криминологија*.

*Мета.мк*. (2024, јуни 14). Retrieved from meta.mk: https://meta.mk/dvojno-ubistvo-vo-kratovo-zhena-gi-ubila-soprugot-i-svekorot/

Миновска, Ц. (2024, јуни 18). *Платформа за родова еднаквост*. Retrieved from МИА: https://new.mia.mk/al/story/%D1%80%D0%B5%D0%B0%D0%BA%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D1%82%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B0-%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82-%D0%B1

ОЈО, О. ј. (2021, Ноември 2021). Притвор заради обид за убиство во Велес. Скопје.

ОЈО, О. ј. (2022, август 3). Жител на Неготино осомничен за тешка телесна повреда при семејно насилство врз жена. Кавадарци.

ОЈО, О. ј. (2024, јуни 15). Истрага за двојното убиство во Кратово. Куманово.

*Платформа за родова еднаквост*. (2022). Retrieved from rodovaplatforma.mk: https://rodovaplatforma.mk/blog/2022/11/01/%d1%80%d0%b5%d0%b0%d0%ba%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%bd%d0%b5%d1%81%d0%be%d0%be%d0%b4%d0%b2%d0%b5%d1%82%d0%bd%d0%b0%d1%82%d0%b0-

%d0%ba%d0%b2%d0%b0%d0%bb%d0%b8%d1%84%d0%b8%d0%ba%d0%b0%d1%86%d0%b8/#more-64602Платфо

*Портал*. (2021, септември 29). Retrieved from Портал: https://iportal.mk/lokalno/ubien-40-godishen-policaec-vo-veles-osomnichena-negovata-partnerka/

Публикум. (2022, февруари 9). *Публикум*. Retrieved from Публикум: https://www.publikum.mk/veleshanka-pale-iloska-ja-cheka-pravdata-vo-mrak-i-stud-strujata-%d1%9d-e-iskluchena-dodeka-izdrzhuva-kukjen-pritvor/

*Република*. (2022, февруари 2). Retrieved from republika.mk: https://republika.mk/vesti/crna-hronika/pale-se-branela-ova-ne-e-ubistvo-od-mig-reagiraat-od-helsinshki-po-obvinenieto-od-ojo-za-mladata-veleshanka/

*Телма*. (2024, април 18). Retrieved from telma.com.mk: https://telma.com.mk/2024/04/18/dozhivoten-zatvor-za-ubieczot-koj-iskasapi-zhena-vo-kochani-otkako-prethodno-i-se-zakanuval-a-nikoj-ne-i-pomognal/

*Фактор.мк*. (2023, септември 26). Retrieved from Фактор.мк: https://www.faktor.mk/sistemot-potfrlil-i-ne-ja-zashtitil-zenata-od-kochani-platformata-za-rodova-ednakvost-bara-odgovornost-za-femicidot-

*Фактор.мк*. (2024, јуни 18). Retrieved from Фактор.мк: https://faktor.mk/ubistvo-so-umisla-ili-samoodbrana-burni-reakcii-po-tragedijata-vo-kratovo-svedoci-tvrdat-oti-zenata-so-godini-bila-maltretirana-

Хера. (2022, февруари 4). *Хера*. Retrieved from hera.org.mk: https://hera.org.mk/reakcija-ojo-veles-itno-da-ja-smeni-odlukata-vo-sluchajot-na-pale-iloska/